Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

- Сектор за управување со човечки ресурси -

**Архивски број: 04-**7306/11.
**Датум:** 17 -11- 2025

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар на министерството за финансии донесе

## О Д Л У К А
за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 702/2025 за вработување на административни службеници во Министерството за финансии, објавен во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидати за работното место **Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Виница, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи .......1 извршител**, се избира следниот кандидат:

- Евдокија Николова Аврамовска.

2. Раководното лице на Министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандидатот од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.07.2025 година во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за финансии, за работното место Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Виница, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи .......1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, со Решение бр. 10-1650/3 од 14.07.2025 година и Решение бр. 10-1650/5 од 04.08.2025 година, донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник заведен под бр. 10-1650/4 од 24.07.2025 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-1650/6 од 04.08.2025 година.

На ден 05.08.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-1650/7 од 05.08.2025 година.

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

По спроведената постапка од страна на Комисијата, на ден 19.08.2025 година до Министерството за финансии доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр. 10-1650/8 од 05.08.2025 година.

Меѓутоа, со оглед на фактот што на ден 09.08.2025 година се распишаа избори, односно Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје број 09-4408/1 од 09.08.2025 година, Министерството за финансии донесе Решение бр.04-7306/10 од 03.09.2025 година, со кое ја стави во мирување започнатата постапка по јавниот оглас број 702/2025, а согласно со членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик според кој од денот на донесување на одлуката за распишување на изборите до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и Градот Скопје не може да се започне постапка за вработување, а започнатите постапки се ставаат во мирување.

Со донесување на Заклучок за завршување на Локалните избори 2025 година, за избор на членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје број 08-3716/5 од 12.11.2025 година, започнатата постапка за вработување по јавниот оглас број 702/2025 продолжува, а согласно со точката 2 од диспозитивот на Решението за ставање во мирување на започнатата постапка за вработување на административни службеници, заведено под бр.04-7306/10 од 03.09.2025 година.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор“.

Имајќи го во вид сето горенаведено, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- Агенцијата за администрација;
- архивата на Министерството.

**Државен секретар**
**д-р Андриана Матлиоска**

Изработил: Арѓира Јашари-Мерсими
Контролирал: Кимет Куртиши
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски